Project financed by European Union

WITH FUNDING FROM
AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION

AUSTRIAN RED CROSS

Црвени крст Србије
Red Cross of Serbia
1876



# ПРИСТАП ДО УСЛУГИТЕ ЗА ДОЛГОТРАЈНА НЕГА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

***Најважните наоди од студијата настанале во рамки на тригодишниот проект „Зајакнување на отпорноста на старите лица и лицата со попреченост за време на КОВИД-19 и идни катастрофи" во регионот на Западен Балкан***

**СОДРЖИНА:**

- Што е долготрајна нега?
- Правна рамка на долготрајната нега во Северна Македонија.
- Долготрајна нега од перспектива на носителите на одлуки и давателите на услуги на долготрајна нега.
- Здравствена состојба и потреба за долготрајна нега во Северна Македонија.
- Како се снаоѓаат лицата на кои им е потребна долготрајна нега во Северна Македонија?
- Дали и во која мера се достапни формалните услуги на долготрајна нега во Северна Македонија?
- Значење и улога на неформалните негуватели.

Глобалните истражувања покажуваат дека потребата за долготрајна нега е најголема кај лицата постари од 65 години и кај лицата со попреченост (ОСИ)[1]. На европско ниво речиси една третина од лицата постари од 65 години имаат тешкотии во извршувањето на секојдневните активности, а меѓу нив има повеќе жени отколку мажи [2]. Се проценува дека бројот на лица кои потенцијално имаат потреба од долготрајна нега ќе се зголеми од 30,8 милиони во 2019 година на 38,1 милиони во 2050 година [3].

Со цел да се истакнат спецификите на функционирањето на системот за долготрајна нега на Западен Балкан, групата за развојна иницијатива SeConS изработи студија во рамките на проектот „Зајакнување на отпорноста на старите лица и лицата со попреченост за време на КОВИД-19 и идни катастрофи", која треба да биде основа за формулирање препораки за тоа *како да се зголемат капацитетите на давателите на услуги и здруженија на граѓани, како да се подобрат јавните политики и како да се зголемат финансиските придобивки* – за да се обезбеди подобар пристап до услугите за долготрајна нега за стари лица и лица со попреченост во редовни околности, а особено во случај на вонредни ситуации, како пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19.

Оваа студија е пионерски потфат, таа е работена според иста методологија за Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Албанија, Косово* и Северна Македонија, а анализата за секоја земја се заснова на податоци собрани преку *деск-анализа* (преглед на регулативи и јавно достапни податоци), *квантита-*

1 European Commission, Directorate-General for Employment, Social Affairs and Inclusion (2014). Adequate social protection for long-term care needs in an ageing society: report jointly prepared by the Social Protection Committee and the European Commission, Luxembourg: Publications Office of the European Union, стр. 11. https://data.europa.eu/doi/10.2767/32352.

2 European Commission, Directorate-General for Employment, Social Affairs and Inclusion (2021). Long-term care report: trends, challenges and opportunities in an ageing society, Luxembourg: Publications Office of the European Union, стр. 28, https://data.europa.eu/doi/10.2767/677726.

3 Ibid.

*тивно истражување* (во Северна Македонија на примерок од 650 лица над 65 годишна возраст и лица со попреченост на возраст од 18 до 64 години, каде што меѓу лицата над 65 години 53,5% се жени и 46,5% се мажи, а меѓу лицата со попреченост 52% се жени, а 48% се мажи) и *квалитативно истражување* (длабински интервјуа со даватели на услуги, претставници на институции и корисници на услуги на долготрајна нега).

## ШТО Е ДОЛГОТРАЈНА НЕГА?

*Методологијата во оваа студија се заснова на дефиницијата за долготрајна нега предложена од Европската комисија и Комитетот за социјална заштита (Social Protection Committee – SPC) од 2014 година:*

Долготрајната нега е збир на услуги и форми на поддршка за лица кои поради ментална и/или физичка слабост и/или попреченост во подолг временски период зависат од поддршка во извршувањето на секојдневните животни активности и/или имаат потреба за подолготрајна медицинска помош.

Дневните активности за кои е потребна поддршка може да вклучуваат:

- активности за лична нега кои лицето треба да ги извршува секојдневно (секојдневни животни активности како што се капење, облекување, јадење, станување од кревет или стол, одење во кревет, движење, користење тоалет и контролирање на функциите за мокрење и дефикација), или
- активности поврзани со самостоен живот (како што се подготвување оброци, управување со пари, пазарење, извршување домашни работи и користење телефон).

## ПРАВНА РАМКА ЗА ДОЛГОТРАЈНАТА НЕГА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во Северна Македонија не постои единствен систем на долготрајна нега, туку потребите опфатени со овој термин се задоволуваат преку активностите на **социјалната** и **здравствената** заштита, и тоа преку ***услуги*** насочени кон потребите на граѓаните кои не можат самостојно да ги извршуваат секојдневните активности, ***парична помош*** од социјална заштита кои придонесуваат за реализација на тие потреби и ***поддршка за членовите на семејството*** кои се грижат за своите роднини. Нормативната рамка на здравствениот систем и системот за социјална заштита ги упатува овие два системи на меѓусебна соработка, а Законот за социјална заштита[4] дава можност за формирање социјално-здравствени установи кои би одговарале на потребите на корисниците во специфични социјални и здравствени околности.

„Долготрајна нега" како посебен поим во ***системот за социјална заштита*** во Северна Маке-

4 „Службен весник на РСМ", бр. 104/2019.

донија не постои, туку овде се мисли на услуги наменети за лица на кои им е потребна поддршка во извршувањето на секојдневните активности поради намалените функционални капацитети. Во оваа смисла, како корисници на социјална заштита се издвојуваат лица над 65 години и лица со попреченост, а услугите на социјална заштита вклучуваат институционална нега (сместување во установа и сместување во згрижувачко семејство) и услуги кои се даваат во домот и заедницата (дневен престој, помош и нега во домот и живеење со поддршка и одмена на семејна грижа). Владата ја утврдува мрежата на јавни установи за социјална заштита. Општините на територија на Македонија, Градот Скопје и општините во Градот Скопје обезбедуваат спроведување на социјална заштита. Услугите за социјална заштита, финансирани од јавни средства ги нудат организации кои припаѓаат на мрежа на лиценцирани даватели на услуги за социјална заштита. Министерството надлежно за социјална политика формира мрежа на овластени даватели на социјална заштита составена од јавни установи за социјална заштита и други даватели на услуги (здруженија и други локални и странски правни лица) кои имаат договори за давање социјални услуги склучени со надлежни органи, како и приватно лице лиценцирано за дејност социјална заштита како професионална дејност со склучен договор со центар за социјална работа.

Давањето одредени услуги на социјална заштита (сместување во установа и сместување во згрижувачко семејство) може да се финансира и од средствата на корисниците и лицата кои се должни да ги издржуваат согласно прописите[5] доколку има можности за тоа, а ако овие средства не се доволни – трошоците се покриваат од јавни средства. ОСИ кои користат услуги за сместување во установа или семејно сместување може да бидат целосно или делумно ослободени од плаќање на услугата доколку имаат само личен доход и доколку нема лица кои се должни да ги издржуваат. Квалитетот на услугите на социјална заштита и почитувањето на прописите се следи од инспекцискиот надзор на надлежното министерство, а надзорот над стручната работа на установите за социјална заштита и другите даватели на овие услуги го врши Заводот за социјални дејности. Постапката за користење услуги на социјална заштита ја спроведува Центарот за социјална работа.

Прописите во Северна Македонија ја дефинираат ***здравствената заштита*** како активност која, покрај лекувањето на пациентот, е насочена и кон независност во извршувањето на основните животни функции, како и грижа за болните, рехабилитација и палијативна нега.[6] Здравствената дејност која е фокусирана на долготрајна нега се врши во форма на домашно и болничко лекување, а го опфаќа и здравствениот третман на пациентите во установите за социјална заштита и палијативна нега.[7] Во согласност со тоа, на установите од областа на социјалната заштита им се овозможува да спроведуваат одредени мерки на здравствени дејности на примарно ниво за лицата сместени во тие установи.[8] Палијативната нега е дефинирана како активна помош на пациенти со напредна неизлечива болест и помош на нивните најблиски за време на болеста и периодот кога се во жалост[9].

Водечка здравствена установа во Северна Македонија која обединува различни дисциплини во областа на здравствената и социјалната заштита е Геронтолошкиот завод, кој е специфичен по тоа што интегрира геријатриска, долготрајна и палијативна нега. Имајќи ги предвид недоволните капацитети на палијативна нега и зголемената побарувачка, во 2005 година беше отворена установа за палијативна нега во Битола, вториот по големина град во земјата. Иницијативи се појавија и на локално ниво, со отворањето на првата општинска служба за палијативна нега во општина Свети Николе, како дел од иницијативата за соработка помеѓу Националната аген-

5 Член 307 од Закон за социјална заштита, „Службен весник на РСМ", бр. 104/2019.

6 Член 10, Закон за здравствената заштита, Редакциски пречистени текстови, (ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (zdravstvo.gov.mk))

7 Член 26., Закон за здравствената заштита, Редакциски пречистени текстови, (ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (zdravstvo.gov.mk))

8 Член 96., Закон за здравствената заштита, Редакциски пречистени текстови, (ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (zdravstvo.gov.mk))

9 Член 10., Закон за здравствената заштита, Редакциски пречистени текстови, (ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (zdravstvo.gov.mk))

ција за вработување и органите на локалната самоуправа. Оваа иницијатива беше покрената како дел од оперативниот план за активни мерки за вработување во 2012 година и може да послужи како модел за справување со потребите за палијативна нега во заедницата. Ваков вид на иницијатива постои и во други организации како Зафир Сајто од Куманово, Киро Крстески Платник од Прилеп и сите приватни установи за социјална заштита (приватните домови).

**Финансиската поддршка наменета за реализација на долготрајна нега** во Северна Македонија подразбира надоместок за помош и нега на друго лице. Право на оваа помош имаат лица над 26 години со умерена, тешка или сериозна интелектуална попреченост, лица со тешка и најтешка телесна попреченост, целосно слепи лица, како и лица со трајни промени во нивната здравствена состојба.[10] Правото на надоместок се остварува врз основа на здравствената состојба на корисникот која ја утврдува соодветната лекарска комисија. Овој надоместок не е условен од висината на другите приходи на корисникот и се остварува без претходна проверка на финансиската состојба, а износот се одредува во зависност од обемот на потребата.

## ДОЛГОТРАЈНА НЕГА ОД ПЕРСПЕКТИВА НА НОСИТЕЛИТЕ НА ОДЛУКИ И ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ

Во рамките на квалитативниот дел од истражувањето, претставникот на локалната самоуправа како еден од најзначајните проблеми го посочи недостигот на информации потребни за изработка на програма и акциски план од областа на услугите за долготрајна нега на општинско ниво: статистички податоци за бројот на стари лица на кои им е потребна долготрајна нега, како и за видот на негата и помошта што им е потребна. Како дополнителен проблем го посочи недоволниот број места во домовите за стари лица во неговата општина, но ја потенцираше и блиската соработка со организациите кои обезбедуваат услуги на долготрајна нега.

Давателите на услуги од невладиниот сектор, кои беа интервјуирани, посочуваат дека потребите за долготрајна нега ги надминуваат нивните капацитети, а како една од причините се наведува одливот на вработени во земјите на ЕУ заради поголема заработувачка, додека оние кои остануваат се соочуваат со стрес, исцрпеност на работа и слаба мотивација.

Давателите на услуги од јавен сектор, од друга страна, наведуваат дека недостига обучен медицински персонал специјализиран за работа со лица со попреченост и се согласуваат дека има недостиг на капацитети за сместување во домовите за стари лица. Има и нерамномерна територијална застапеност на услугите, па на сместување во дом во некои установи чекаат и жители од други градови.

## ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА И ПОТРЕБА ОД ДОЛГОТРАЈНА НЕГА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Според податоците од спроведеното квантитативно истражување, во Северна Македонија четвртина од испитаниците (25,6%) **на возраст над 65 години** имаат потреба од долготрајна нега поради тешкотии во функционирањето. Мажите и жените се речиси подеднакво застапени меѓу нив, при што жените изразиле поголема потреба за поддршка во активности како што се терапевтски вежби и одење на лекар, а мажите во активности како што се домаќинство и подготовка на храна.

Потребата за поддршка се зголемува со возраста – луѓето постари од 75 години изразуваат поголема потреба за поддршка од оние на возраст од 65 до 74 години, освен кога станува збор за активности како што се следење на здравствената состојба, конзумирање храна, психотерапија и користење дигитални технологии (во овие активности, со возраста, потребата за поддршка не расте).

10 Член 48 од Закон за социјална заштита, „Службен весник на РСМ", бр. 104/2019.

**Графикон: Удел на лица на кои им е потребна долготрајна нега поради големи тешкотии во извршувањето на секојдневните активности, %**




*Извор: SeConS, Истражување за пристап до услуги на долготрајна нега во Северна Македонија, 2021 година*

Најчеста причина за проблеми во извршувањето на секојдневните активности се големите тешкотии поврзани со движењето (15,6%) и видот (9,3%). Најмногу им е потребна поддршка при поправки во станот, плаќање сметки и во активности поврзани со нивното здравје (одење на лекар и континуирано следење на нивната здравствена состојба).

**Графикон: Удел на стари лица кои изразиле потреба од поддршка во вршењето на активностите, според видот на активноста, %**




*Извор: SeConS, Истражување за пристап до услуги на долготрајна нега во Северна Македонија, 2021 година*

Кај **испитаниците со попреченост на возраст од 18 до 64 години**, дури 64% имаат потреба од долготрајна нега поради големи тешкотии во извршувањето на секојдневните активности, најчесто предизвикани од тешкотии во движењето (36%), потоа тешкотии поврзани со видот (17 %),

тешкотии со концентрација и меморија (12%), тешкотии во комуникацијата (8%), тешкотии со слухот (5%) и тешкотии поради хронични заболувања (3%). На оваа група испитаници најчесто ѝ е потребна поддршка при одење на лекар, при терапевтски вежби и при одење на прошетка.

## КАКО СЕ СНАОЃААТ ЛУЃЕТО НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ДОЛГОТРАЈНА НЕГА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Истражувањето покажа дека во однос на задоволувањето на потребите за долготрајна нега во Северна Македонија, потпирањето на неформалните негуватели е клучно. Само 4,3% од испитаниците одговориле дека јавен, приватен и друг давател на социјални услуги за кои им е потребна поддршка, а дури 6,1% од нив истакнале дека немаат поддршка и дека се снаоѓаат сами. Жените се потпираат малку повеќе од мажите на членовите на семејството кои живеат надвор од домаќинството или на соседите и малку повеќе ги користат услугите на платените државни служби, додека мажите малку повеќе се потпираат на членовите на семејството кои живеат во исто домаќинство.

Со возраста (75+), се намалува уделот на оние кои се потпираат на членовите на семејството кои живеат во домаќинството, а уделот на оние кои се потпираат на членовите на семејството кои живеат надвор од домаќинството или на платените лица од приватната или јавна служба се зголемува. Лицата со попреченост под 64 години почесто се потпираат на услуги од социјалниот и здравствениот систем отколку луѓето над 65 години, а во исто време и почесто се принудени да се снаоѓаат сами.

Потпирањето на неформални негуватели традиционално е најизразено во руралните средини, а испитаниците кои живеат во Скопје и регионалните центри повеќе се потпираат на платените услуги на јавна служба отколку оние од помалите градови и села и помалку мораат да се снаоѓаат сами кога ги задоволуваат потребите, што може да биде индикатор за достапност на услугите.

Интересно е што речиси една третина од луѓето над 75 години (29,4%) велат дека можат сами да ги извршуваат секојдневните активности, иако тоа често не е случај.

За поголемиот дел од испитаниците од примерокот, потребата за поддршка за време на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 останала иста како и досега (61,7%). Сепак, 27,1% истакнале дека потребата се зголемила за време на пандемијата, додека 11,2% истакнале дека потребата за поддршка се намалила.

## ДАЛИ И ДО КОЈ СТЕПЕН СЕ ДОСТАПНИ ФОРМАЛНИ УСЛУГИ ЗА ДОЛГОТРАЈНА НЕГА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во рамките на ***системот за здравствена заштита***, само 8,8% од испитаниците ги користеле ***услугите на домашно лекување и патронажна служба***. Меѓу нив, мнозинството се задоволни од услугите, а причина за можното незадоволство е тоа што посетите се недоволно чести. Половина од испитаниците сметаат дека за време на пандемијата овие услуги биле подеднакво достапни.

Кога станува збор за услугите во рамките на ***системот за социјална заштита***, услугите на ***дневните центри*** во ова истражување ги користеле само 12 испитаници, а ***помош и нега во домот*** само 21 испитаник. Освен што била прекината услугата на дневниот центар за време на пандемијата, испитаниците генерално се задоволни од оваа услуга. Што се однесува до помошта и нега во домот, главни недостатоци се недоволното времетраење на поддршката во текот на денот/неделата, како и цената на услугите на приватните даватели.

Само 32% од испитаниците биле информирани или делумно информирани за услугите за ***сместување во згрижувачко семејство***, а најчестите причини за размислување за услугите за семејно сместување за старите лица се загриженоста дека нема да можат да се грижат за себе како

порано, но и осаменоста, како и неможноста да се вршат неопходните активности во домот.

Само 33,7% од испитаниците биле целосно или делумно информирани за ***резиденцијалното сместување*** и би се одлучиле да ја користат оваа услуга пред сè поради достапноста на континуирана здравствена заштита.

Услугите на ***личен асистент*** се многу малку застапени, а корисниците го истакнуваат ограниченото времетраење во текот на работниот ден како главен недостаток. Од оваа услуга позадоволни се корисниците на приватниот давател во споредба со јавен давател, а како главна причина се наведуваат недоволно обучениот и стручен кадар и отсуството на физикална терапија како дел од оваа услуга кај двете групи даватели. За време на пандемијата услугата се даваше во ист обем, но со почитување на рестриктивните мерки.

## ЗНАЧЕЊЕ И УЛОГА НА НЕФОРМАЛНИОТ НЕГУВАТЕЛ

Столбовите на неформалната нега во Северна Македонија се децата и сопружниците, на чија поддршка подеднакво се потпираат и мажите и жените, а на децата повеќе се потпираат лицата над 75 години отколку лицата на возраст од 65 до 74 години. Испитаниците истакнуваат дека поддршката од сопружникот е најважна. Кога станува збор за лица со попреченост под 65 години, 35,8% од нив се потпираат на сопружниците, една третина на родителите (32,1%), 18,9% на децата и 7,5% на браќата или сестрите.

**Графикон: Неформални старатели, %**




*Извор: SeConS, Истражување за пристап до услугите на долготрајна нега во Северна Македонија, 2021*

Огромно мнозинство (85,9%) од испитаниците кои се потпираат на поддршката од неформалните негуватели во извршувањето на нивните секојдневни активности не добиваат никаков надомест од државата за туѓа нега и помош. Само 8,1% од негувателите добиваат стручна поддршка од соодветни организации и установи, како што се установи за социјална заштита, здравствена заштита или хуманитарни организации.

Неформалните негуватели се во добра здравствена состојба во 90,8% од случаите и немаат потреба од поддршка, како што сметаат корисниците. Оние кои посочија дека на нивните негуватели им е потребна дополнителна поддршка како главна причина за тоа ги посочуваат хроничните заболувања (70,6%), некаква попреченост (17,6%), а во 11,8% станува збор за други причини.

Услугите за замена, кои им овозможуваат на неформалните негуватели да направат кратка пауза, ги користеле само 2,4% од испитаниците кај кои е идентификувана потреба од долготрајна нега.



*Овој документ произлезе од студија направена во рамките на тригодишниот проект „Зајакнување на отпорноста на старите лица и лицата со попреченост за време на КОВИД-19 и идни катастрофи".*

*Проектот е координиран од Црвениот крст на Србија и поддржан од Европската Унија, Австриската развојна агенција и Австрискиот црвен крст.*

*Тој беше лансиран кон крајот на 2020 година и ги поврзува партнерите од граѓанското општество од Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Косово*, како и големата мрежа на граѓанско општество кое го претставуваат старите лица и лицата со попреченост на ниво на Европската Унија.*

*Конзорциумот на проекти го сочинуваат: Црвен крст на Србија, Австрискиот црвен крст, Албанскиот црвен крст, Албанско здружение на геријатри и геронтолози, Црвен крст на Босна и Херцеговина, Здружение за помош и развој ХАЈДЕ, Црвен крст на Црна Гора, Сојуз на слепите на Црна Гора, Црвениот крст на Република Северна Македонија, Здружението Хуманост, Каритас Косово, Националната организација за лица со попреченост на Србија, Секонс група за развојна иницијатива, AGE Platform Europe и European Disability Forum.*

*Оваа публикација е изработена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.*

AGE Platform Europe
EUROPEAN DISABILITY FORUM
Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of the Republic of North Macedonia
Хуманост
SeConS grupa za razvojnu inicijativu